# ЗАНАЕТЧИЈА





Technical Assistance for Civil Society Organisations Macedonian Office

TACSO

SIPU International

This project is funded by the European Union

Technical Assistance for Civil Society Organisations
"Capacity Building of the Civil Society in the IPA Countries and Territories"
EuropeAid/127427/C/SER/Multi

The main purpose of the project is to increase and improve the capacity and actions of Civil Society Organisations and to strengthen their role within a participative democracy. The general project objectives are to strengthen the overall capacities and accountability of the Civil Society Organisations within the IPA beneficiaries, and the quality of their services and a sustainable role of the CSOs in the democratic process.

Certificate

National Capacity Building Programme

This is to certify that

Chamber of Craftsmen – Skopje

has completed capacity building programme comprising

"Organisational self-assessment and development of capacity building plan"
"Mobilisation of local recourses"
"Project cycle management and EU funds"

with training and mentorship support provided by

"Local Community Development Foundation Stip"

05-03-2013
Skopje

For TACSO Macedonian Office
Resident Advisor

www.tacso.org

занаетчиството е сè околу нас


Занаетчиска Комора Скопје

| Број 21 | Април 2013 | www.zkskopje.org.mk |
|---|---|---|









## ПЕКАРИТЕ ВО ПОСЕТА НА САЕМОТ FOODIST ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА

Занаетчиска Комора Скопје во соработка со Адонис Груп организираше посета на 6-тиот традиционален меѓународен саем за храна и пијалоци FOODIST...

повеќе на страна 6

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ТУРСКИ РАКОТВОРБИ НА БАЛКАНОТ

Како резултат на воспоставената соработка на Занаетчиска комора Скопје со Турскиот културен Центар Јунус Емре Скопје, започна проектот Ревитализација на традиционалните турски ракотворби на Балканот.

повеќе на страна 7

## ОБУКА ЗА СОЛАРНИ ИНСТАЛАЦИОНИ ТЕХНИКИ

Занаетчиска комора Скопје конкурираше на Јавен повик објавен од страна на Министерството за економија на Република Македонија...

повеќе на страна 6










ПОСЛЕДНА ПОРАКА

За почитуваниот поранешен Претседател на Занаетчиска комора Скопје

БЛАГОЈА ДОЈЧИНОВСКИ

ашиот несебичен и пожртвуван допринос за разво на Занаетчиската комора Скопје, коморското орга зирање и занаетчиството во Македонија ќе останат врежани во темелите на комората.
Вечна благодарност.

## IN MEMORIAM

На 03.01.2013година почина Благоја Дојчиновски-Дојо, поранешен Претседател на Занаетчиска комора Скопје.
Благоја Дојчиновски-Дојо беше Претседател на Занаетчиска комора Скопје цели 8 години, а Претседател на Собранието на Занаетчиска комора Скопје, 4 години.
Како носител на рако-водни функции во Комората постигна голем број на резулата-ти кои допринесоа за развој на занаетчиството во Градот Скопје.
Благодарение на неговото залагање за подобрување на состојбата на занаетчиството, започна партнерскиот проект со Занаетчиската комора Кобленц, Германија, од која соработка произлезе донесување на Законот за вршење на занает-чиска дејност според герман-ското законодавство.
Благоја Дојчиновски има голем допринос и во развојот на коморското организирање во Македонија, како и развој на стручното образование. Благоја Дојчиновски ќе го паметиме како пожртвуван Претседател кој не го жалеше своето време и труд и покрај своите стопан-ственички обврски, секогаш неуморен да постигнува многу и да остава зад него големи достигнувања за занаетчиството и многу други волонтерски активности за градот Скопје.
Неговите дела ќе останат засекогаш запаметени и запишани во историјата на занаетчиството.
Горди сме што имавме Претседател и човек како Вас!

## УЧЕСТВО НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ НА ТЕХНОМА 2012




Како и во претходните години, така и во 2012 година, Занаетчиска комора Скопје учествуваше на ТЕХНОМА 38-миот Меѓународен саем за металургија, електроника, енергетика, неметали, градежништво, обезбедување и заштита, 13-тиот Меѓународен саем за занаетчиство и мало стопанство и МАКИНОВА 32-та Меѓународна иложба на иновации, од 16-20 Октомври 2012 година.
На саемот учествуваа околу 239 диретктни учесници од кои 149 домашни и 90 странски компании од Грција , Хртавтска, Белгија, Холандија, Шведска, Израел, Република Чешка, Словенија, Велика Британија, Данска, Швајцарија, Холандија, Србија, Босна и херцеговина, Австрија, Бугарија, Црна Гора, Германија, Јапонија, Шкотска, Канда, Шпанија, Индија итн.
Занаетчиска комора Скопје учествуваше со свој промотивен штанд, но и со штанд на кој беа претставени компании кои се занимаваат со соларни инсталациони технологии. Во 2012 година учесници на штандот на Занаетчиска комора Скопје беа следниве компании:
1. ХИДРОТЕРМИКА СИСТЕМИ ДООЕЛ Гостивар
2. ТЕРМАЛКОМФОРТ ИНЖЕНЕРИНГ Гостивар
3. ХРИСАЛ ДООЕЛ Скопје
4. АРЕСЕ СОЛУШН ДООЕЛ Скопје

Штандот на Занаетчиска комора Скопје беше посетен од  Економскиот промотор на Хрватската Амбасада во РМ, како и делегација од Хрватската Обртничка Комора.
Во рамките на ТЕХНОМА 2012, ЗК Скопје учествуваше и на Конференција на која учествуваа стопанственици од Хрватската обртничка комора. На конференцијата свое излагање за состојбата на занаетчиството свое излагање имаше Министерот за економија г-динот Ваљон Сараќини, Организаторот Скопски саем, ХОК, ЗКРМ и Балканската канцеларија за занаетчиство и мало стопанство. Во рамките на Конференцијата се разменија искуства за сегашноста и за перспективата на занаетчиството во Р.Македонија и во Р.Хрватска.

## Македонско-турска вечер „КУЛТУРЕН МОСТ НА ЗБЛИЖУВАЊЕ“

На 31.05.2013 година, во просториите на Турскиот Културен Центар Јунус Емре Скопје ќе се одржи Манифестацијата Македонско - турска вечер.
Оваа манифестација ќе се реализира во меѓусебна соработката на Занаетчиска комора Скопје и Турскиот Културен Центар Јунус Емре Скопје.
Целокупниот настан ќе биде посветен на пренесување на убавите народни обичаи,запознавање со културата и традицијата на живеење на двата народи преку ракотворби, музика, традиционална храна, национални носии и обичаи.
Со оваа манифестација се посакува меѓусебно зближување и промоција на културата и традицијата на македонците и турците кои живеат во Република Македонија преку градење на мостови за пријателство.










## Учество на Занаетчиска комора Скопје во проектот Техничка подршка на граѓанските организации-ТАКСО

Занаетчиска комора Скопје аплицираше за учество во Програмата за градење на капацитети на граѓанските организации во рамките на проектот за Техничка подршка на граѓанските организации-ТАКСО. Пријавата беше одобрена и Комората беше ибрана да учествува во Програмата за градење на капацитети на граѓанските организации. Програмата за јакнење на капацитетите, освен самото јакнење на капацитетите, има за цел и потикнување соработка, вмрежување и партнерства помеѓу менторските и избраните организации. Во целокупниот процес Комората беше поджана од менторската организација, Фондација за развој на локалната заедница Штип со назначени ментори: Невенка Лонгурова Гирова и Борис Шарковски. Во првата фаза од програмата Комората направи самостојна проценка на организациските капацитети, т.е СВОТ анализа. Врз основа на така изработената СБОТ анализа беше пристапено кон изработка на индивидулен план за развој на капацитетите на Комората. Во целокупниот период на изработка на СВОТ анализа и индивидуалниот план Комората добиваше подршка и насоки за работа од менторската организација.

Во рамките на Програмата за градење на капацитетите на граѓанските организации организиран од Македонскиот тим на проектот ТАКСО, се одржаа два стручни семинари. Првиот семинар се одржа во Штип , во периодот од 20-21 Септември , на тема "Прибирање средства за обезбедување одживост на организациите". На првиот семинар беа обработени следниве теми: прибирање на средства од индивидулаци, прибирање на средства од фирми, начин на развивање на план за пристап кон бизнис секторот.

Вториот семинар се одржа во Штип во периодот од 16-17 Октомври 2012 година, на тема " Управување со проектен циклус и ЕУ фондови". На семинарот чија што главна тема беше Водич за ИПА повикот за граѓанските организации, беа детално обработени следниве теми: што е прокетен цилкус, основни елементи на проект, ПАДОР, развивање на концепт, начин на изработка на временска рамка, методологија, одржливост, активности, логичка рамка, хоризонтална логика, вертикална логика и изработка на буџет.

На крајот, по завршувањето на двата стручни семинари, се доделија сертификати на сите програмски учесници, меѓу кои и на ЗК Скопје. Со учеството во Програмата за градење капацитети преку проектот за Техничка подршка на граѓанските организации-ТАКСО, ЗК Скопје се стекна со значајни бенефити во однос на усвојување на добри пракси, стекнување на знаења и вештини и организациски развој, подобрување на врската и комуникацијата со заедницата и целните групи и подобро идентификување на локалните потреби.

## *Работилница за млади претприемачи и мајстори на тема:КОРПОРАТИВЕН ИДЕНТИТЕТ*

МББ, Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство Софија поддржана преку проектот Економска соработка помеѓу Рајнската област - Фалц и југоисточна Европа, започна циклус на работилници за млади претприемачи и мајстори кои се наоѓаат во првите 2 години на самостојност. Тежиштето е пренесување на искуства и знаења за важните аспекти во водењето на претпријатијата, со цел да се поддржи развојот и изградба на новите претпријатија, а со тоа и формирање на иновативно активен слој на модерни млади претприемачи. Во рамките на тоа, беше понудена работилница на тема "Корпоративен идентитет" која се одржи во Охрид, од 08.02-11.02.2013год. На работилницата беше даден преглед на поимите Корпоративен идентитет, Корпоративен дизајн, корпоративно однесување и Корпоративна комуникација. Како млади претприемачи, обуката ја посетија учесници од Фото Студио ЈАСМИНА ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ и Сервис за бела техника БАЛША.



## Деловни средби на Секција на златари при Занаетчиска комора Скопје и златари од Комора на златари од Измир и презентација на Саем за свадби JEWEX, Саем злато, прстени, сребро, накит и саати

Турско-Измирската комора за накит покажа заинтересираност за одржување на билатерални бизнис преговори помеѓу златари, членови на Занаетчиска комора Скопје и златари од Измир, како и презентација на Саемот за свадби JEWEX, Саем за злато, прстени, сребро, накит и саати.

Средбата помеѓу заинтересираните страни се одржа во просториите на Занаетчиска комора Скопје на 15 Октомври 2012 година. На средбата учествуваа 25 златари од Турција, а исто толку и од Македонија. Оваа средба беше добра можност за воспоставување на деловни контакти од кои може да произлезе добра деловна соработка за златарите од двете држави. Освен деловни средби, на состанокот златарите од Измир го презентираа и Саемот за свадби JEWEX, Саем за злато, прстени, сребро, накит и саати. Саемот се одржа од 01-04 Февруари 2013 година на Интернационалниот Измирски саем во Измир, Турција.

Златарите од Скопје беа поканети да го посетат саемот во Измир, а доколку има интерс имаа можност и да изложуваат. Златарите од Измир на нивните колеги од Скопје им понудија бесплатен штанд за учество на саемот како и сместување и разгледување на Измир.

Република Македонија
**Министерство за економија - Биро за метрологија**

Бр. 0302-3018/1
Скопје 29.11.2012

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ - Скопје
Примено 06.12.2012
Орг. единица 03 | Број 494 | Прилог – | Вредност –

ДО
ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
ул. "Битпазарска" број 12
1000 Скопје

Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Биро за метрологија
Бул. „Јане Сандански" 109а
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 2403676
Факс: (02) 2444677
bom@bom.gov.mk
www.bom.gov.mk

Предмет: *Информација за Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместок на трошоците за испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали*

Почитувани,

Во врска со предвидените активности во рамки на проектот „Регулаторна гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците на занаетчиите", би сакале да Ве информираме дека е донесена нова ***Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместок на трошоците за испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/12)***, која стапува во сила на 1-ви декември 2012 година.

Новата одлука вклучува неколку клучни елементи во насока на зголемување на бројот на предмети од скапоцени метали кои ќе ги исполнуваат потребните законски услови за пуштање во промет, како и намалување на нелојалната конкуренција и заштита на потрошувачите. Имено, горенаведената одлука вклучува:

1. **Намалување на висината на надоместокот за испитување и жигосување на преметите од скапоцени метали кое што се движи помеѓу 50 – 90% во зависност од скапоценнот метал,**
2. **Направена е класификација** согласно масата на предметите од скапоцени материјали (предмети со маса до 1 грам, предмети со маса од 1 грам до 5 грама и предмети со маса над 5 грама), за разлика од претходно, каде што начинот на наплата беше идентичен независно од масата на предметите од скапоцени материјали кои се испитуваат односно жигосуваат и
3. трошоците кои се наплатуваат за испитување и жигосување на предмети од скапоцени материјали од **увоз**, се **изедначуваат со трошоците кои се наплатуваат за испитување и жигосување на предмети од домашно производство.**

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**м-р Димитар Царнарџиев**

изработил: Бети Вуковојац
контролирал: Марјан Треневски

     

# ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ НУДИ НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ОБВРСКИТЕ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**1. Проценка на ризик со концепт на изјава за безбедност;**
**2. Обука на вработените за безбедност и здравје при работа;**
**3. Испитување на микроклиматски услови** (температура, влажност и струење на воздухот) **и физички штетности** (бучавост и осветлување);
**4. Атест на испитување на инсталација по шуко** (заземјување).

По барање на Занаетчиската комора Скопје во проектот на Владата на Република Македонија "РЕГУЛАТОРНА ГИЛОТИНА" во Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа донесен на 12 февруари 2013 год. се изврши дополнување на законските одредби и се предвидени пониски глоби за занаетчиите работодавачи и тоа по член 56 глоба во износ од **700 € во денарска противвредност наместо 1.000 € за правно лице и 300 € за одговорното лице, по член 57 глоба во износ од 1.500 € во денарска противвредност наместо 2.000 € за правно лице и 500 € за одговорното лице и по член 58 глоба во износ од 4.000 до 5.000 € во денарска противвредност наместо од 5.000 до 8.000 € за правно лице и 500 до 1.000 € за одговорното лице, бидејќи во претходниот текст на законот за занаетчиите не беа предвидени посебни глоби туку им се изрекуваа казни како на правни лица и за одговорното лице во правното лице.**

**Има измени и во однос на периодот за кој се прават систематските прегледи кој е продолжен 18 на 24 месеци.**

Согласно Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. весник број 92/2007 ;136/2011, 23 /2013 и 25 /2013 ) работодавачите занаетчии имаат обврска да обезбедат безбедност и здравје при работа за неговите вработени и тоа преку превземање на мерки,вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обуки и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

***Оберски на работодавачите кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа***

Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени и тоа преку превземање на мерки, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обуки и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

Обврските и работите на безбедноста и здравјето работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува.

Работодавачот ги спроведува марките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:
**- избегнување на ризици;**
**- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат;**
**- справување со ризиците на самиот почеток;**
**- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос накарактеристиките на работното место и работната средина;**
**- изборот на личната заштитна опрема;**
**- изборот на хемиските супстанци или препарати;**
**- изборот на работни и производни методи;**
**- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето;**
**- прилагодување кон технолошкиот напредок;**
**- замена на опасното со безопасно или помалку опасно;**
**- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа технологија, организација на работата, работни услови, маеѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина;**
**- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и**
**- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известување на вработените.**

Секој работодавач мора да изготви и спроведе **изјава за безбедност** за секое работно место, прецизирајќи го начинот како и мерките кои треба да се превземат, а ако се променат условите или се појави нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, работо-давачот мора да направи нова изјава за безбедност. Изјавата на безбедност се заснова врз идентификација на опасноста и процена на ризиците по безбденоста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност. Начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценета на ризикот се пропишани со **Правилникот за начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова проценета на ризикот (Сл. весник на РМ бр.5/09). (глоба во износ од 4.000 до 5.000 € во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице ако не изготви и не спроведе изјава за безбеденост или доколку таа не е изготвена според правилникот).**

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:
**- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност;**
**- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа;**
**- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;**
**- донесување на мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност; (глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице);**
**- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;**
**- обезбедување на опрема за лична заштита за вработените и нејзина употреба, доколку превземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни;**
**- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и**
**- следење на здравствената сосотојба на вработените (глоба во износ од 4.000 до 5.000 € во ден. противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице).**
**- Работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеци.**
**- На секое работно место и во работните простории во кои истовремено работат до 20 вработени најмалку по еден од нив мора да биде оспособен и одреден за давање на прва помош, за гасење пожар, евакуација и спасување, а над овој број на секои 20 вработени најмалку уште по еден.**

Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбеност и здравје при работа:
**- при вработување;**
**- во случај на преместување на ново работно место;**
**- во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и**
**- во случај на секоја измена на работниот процес која може да го смени нивото на безбедност и здравјето при работа.**
**(глоба во износ од 4.000 до 5.000 € во ден. противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице ).**

Теоретските и практичните обуки за безбедно извршување на работата се спроведуваат во работното време кај работодавачот или во комората.

Работодавачот е должен во работните и помошните простории во кои се одвиваат технолошките процеси да врши испитување на хемиските, биолошките и физичките штетности, микроклимата и осветленоста. Овие испитувања работодавачот е должен да ги изврши **најдоцна во рок од една година од денот на започнување со работа**, односно по секоја промена на технолошкиот процес, реконструкција на објектот, реконструкција на системот на вентилација, греење и климатизација или по извршената измена на технолошката опрема. **(глоба во износ од 4.000 до 5.000 € во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице).**

Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за:
**- секој смртен случај;**
**- колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена и**
**- секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа. Известувањето покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици. (глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице).**

Работодавачот е должен да води евиденција за:
**- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа;**
**- извршените прегледи на средствата за работа;**
**- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;**
**- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и**
**- професионалните болести, заболувања во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.**
**(глоба во износ од 700 € во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице).**

Министерот за труд и социјална политика со правилник го пропишува начинот на водење на евиденцијата.

**Јавете се за сите информации и услуги во Комората кои ги правиме за нашите членови на тел.3222 957,071/99 19 81 и 078/31 21 41.**



**Државен Инспекторат за Труд**

Партизански одреди бр. 48 а
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: 02/3016 110 факс: 02/3224 504

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ - Скопје
Примено 21.01.2010

УП бр.07-31/2
13.01.2010 год.
Скопје

До:
Занаетчиска комора Скопје
ул. Битпазарска бр.12
С к о п ј е

Предмет: Одговор на Записникот од одржаната средба – дијалог на стопанственици со инспекциските служби

Во врска со Записникот од одржаната средба – дијалог на стопанственици со инспекциските служби, Ве известуваме дека покана добивме и дека беше побарано од наша страна да се помести терминот заради веќе закажани, неодложни обврски на Државниот инспекторат за труд (полагање на стручен испит за безбедност при работа), но накнадно не добивме повратна информација што резултираше со наше отсуство. Заради недоразбирањето, Ви се извинуваме за неприсуството. Ќе се обидеме да одговориме на забелешките кои произлегле од одржаната средба, а се составен дел на записникот.

- Во врска со Вашата констатација дека трудовите инспектори треба пропорционално да ги изрекуваатказните, Ве известуваме дека инспекцијата за труд врши контрола и превзема мерки согласно Законот за работните односи, а казни изрекуваат прекршочните органи кои се во состав на Министерството за труд и социјална политика.
- Во врска со забелешките кои се однесуваат на трудовата инспекција од областа на безбедност и здравје при работа, Ве известуваме дека спроведувањето на Законот за безбедност и здравје при работа **не се однесуваат за самостојниот занаетчија кој не вработува други лица**, заради тоа што во Законот за безбедност и здравје при работа наведените обврски се однесуваат **на работодавачот спрема вработените**, не се однесуваат на **самиот работодавач.**

Во контекст на претходното и водењето на евиденцијата од областа на безбедност и здравје при работа, самостојниот занаетчија нема обврска да ја води. Единствената обврска согласно законот која ја има занаетчијата е да изготви и спроведе изјава за безбедност за своето работно место (работни места) со која ќе се прецизира начинот и мерките кои треба да се преземат за безбедноста при работа.

Доколку занаетчијата вработува лица, тој **има обврска** како и другите работодавачи (физички или правни лица) да го почитува односно спроведува законот во целост.

Во однос на заклучоците на записникот, Ве известуваме следното:

- Државниот инспекторат за труд изготви 70.000 брошури од двете области (работни односи и безбедност и здравје при работа) и ги дистрибуира до работодавачите преку пошта на адреси-седишта на фирмите кои ги доби од Централниот регистар на РМ. Сеуште има од испечатените брошури во Државниот инспекторат за труд, па Ви стоиме на располагање да Ви дадеме од истите за да ги дистрибуирате до ново регистрираните занаетчии и на тие кои не добиле од брошурите
- Државниот инспекторат за труд веќе 2 години ги објавува извештаите(месечни и годишни) на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика, а исто така ги објавува и сите активности кои ги има (акции, обуки на инспекторите, соработка со владини и невладини институции и др.). Нашата веб страница е www.mtsp.gov.mk.

Со почит!

## Обука за автомеханичари на тема „Специфични начини на поправка и сервис на возила на компримиран земјен гас (КЗГ) и на возила на автогас“

МББ,Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство, поддржана од проектот Економска соработка помеѓу Рајнската област - Фалц и Југоисточна Европа, организираше обука за автомеханичари на тема „Специфични начини на поправка и сервис на возила на компримиран земјен гас (КЗГ) и на возила на автогас".

Во обуката беше опфатена и технологијата на хибриден погон.

Обуката се одржана во Кобленц, Германија од 03.03-09.03.2013 година. Учесници на обуката од Занаетчиска комора Скопје беа: Славе Вељановски - автомеханичар, соптвеник на Автомеханичарски сервис КИНГ Скопје и Сашо Савески - автомеханичар, сопственик на Автосервис КИС КОМ Скопје.







## Деловни средби Македонија - Бугарија

МББ,Балканската канцеларија за занаетчиство и малостопанство Софија со подршка на Националната агенција за промоција на малите и средни претпријатија на Бугарија им овозможи воспоставување на деловни контакти на фирми од Македонија и Бугарија, преку организирање на Б2Б средби.

Приоритетни дејности кои беа опфатени на средбите се телекомуникации, преработка и обработка на дрво, информатичка и комуникациска технологија, електроника и бела техника, графика и печатење, храна и пијалаци, хемиски и козметички продукти, облека, текстил, обувки, природни гуми и пластика.

Средбите на пријавените фирми од Република Македонија од областа на соларна енергија и графика и печатење, за кои имаше заинтересирани компании од Република Бугарија за воспоставување на деловни контакти, т.е за одржување на Б2Б средби се одржаа на 10 април 2013 година во Софија, Република Бугарија.

     

## ПЕКАРИТЕ ВО ПОСЕТА НА САЕМОТ FOODIST ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА

 

Занаетчиска Комора Скопје во соработка со Адонис Груп организираше посета на 6-тиот традиционален меѓународен саем за храна и пијалоци FOODIST, 2-риот Саем за уредување на хотели и ресторани – HORECA ISTANBUL 2012, 3-тиот саем – PRIVATE LABEL PRODUCTS FAIR и 2-риот саем за продавници и маркетинг систем - MAMTECH ISTANBUL 2012, .во Истанбул, Турција.
На саемот за храна и пијалоци, учесниците можеа да видат: млеко и млечни производи, месо и морска храна, леб и пецива, торти и разни слатки, зрнести производи, газирани и негазирани пијалоци, чај, кафе, пчеларски производи, храна за бебиња, еколошка природна храна, чипсови и разни адитиви.
Саемот траеше 2 дена (06 – 08 декември 2012година).
Преку Занаетчиска комора Скопје, саемот го посетија: Слаткарница МОЦАРТ, Слаткарница КАНЕЛА, Слаткарница ШАРЛОТА, Слаткарница ГАБИ, ПАНТЕР МИС.




## ХАУС МАЈСТОР ДОСТАПЕН И ВО MR.BRICOLAGE

Каталогот Хаус Мајстор, во кои се сместени фирмите и занаетчиите потребни на домаќинствата кој беше промовиран 2012 година од Февруари 2013 година, достапен е на граѓаните во Mr. Bricolage. Каталогот се продава по цена од 100ден. а нуди широк спектар на сигурни и квалитетни услуги од мајстори занаетчии.

## Одржан семинар на тема Мезотерапија и хемиски пилинзи во козметолошката пракса

На ден 24.03.2013 година, во просториите на Занаетчиска комора Скопје новиот надворешен член на Секцијата на козметичари, ДТУ Веледрогерија ОРТО ДЕНТА ЕС ДОО Скопје, одржа семинар на тема: „Мезотерапија и хемиски пилинзи во козметолошката пракса". Во првиот дел од семинарот - „Мезотерапија во козметолошката пракса" се обработија следниве теми:
- разбирање на проблемот,
- трансдермален систем за внес на супстанции (мезопорација, дерморолери),
- мезотерапија како ефикасна метода за подмладување на лице, врат, деколте и дланки,
- мезотерапија како ефикасна метода за стимулација за раст на коса,
- со правилен избор на соодветна активна супстанција до воодушевувачки ефект во терапијата на целулит,
- клуч во превенција и решавање на компликациите е добриот коктел.

Во вториот дел од семинарот - „Хемиски пилинзи во козметолошката пракса", се обработија следниве теми:
- поделба на хемиските пилинзи,
- само правилно одбраниот клиент е сигурно задоволен клиент,
- активно молекули во хемиските пилинзи се: гликолна киселина, хијалуронска киселина, манделична, лактична, салицилна, коџик киселина, ретинол, витамин Б, Ц, А,
- индикации за примена на хемиски пилинзи се: регенерација и ревитализација на кожа, мелезма, хелиодремија, пигментација, акни и белези од акни,
- кои се компликации можат да настанат и кој е начинот на нивното решавање,
- комбинација на хемиски пилинг со други третмани,
- препарати за продолжен третман.

Во рамките на семинарот се одржа и практична презентација на:
1. Мезотерапија - antiageing третман на лице
2. Мезотерапија - mesoglow, mesoshine на лице и врат
3. Хемиски пилинг

Вториот дел од семинарот ќе се одржи на 28.04.2013 година (недела) со почеток во 11,00 часот во салата на Занаетчиска комора Скопје, со нова програма за работа.



## ОБУКА ЗА СОЛАРНИ ИНСТАЛАЦИОНИ ТЕХНИКИ

Занаетчиска комора Скопје конкурираше на Јавен повик објавен од страна на Министерството за економија на Република Македонија за кофинансирање на проекти за поддршка и промоција на занаетчиството, согласно Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП во 2012 година, за финансиска подршка за организирање и спроведување на Обука за соларни инсталациони техники.

Како резултат на одобрениот проект, Занаетчиска комора Скопје започна со реализација на истиот. Во дневните весници ВЕСТ и КОХА беше објавен повик за пријавување на заинтересираните кандидати.
Услови кои треба да се исполнуваат за да може да посетува обуката се следниве:
- да е невработено лице,
- да има завршено средно стручно училиште од струките електротехничка, машинска (греење) и градежна или основно образование со работно искуство од овие области
- да поседува претходно работно искуство од електротехничка, машинска (греење) и градежна област

Обуката ќе започне на средината на април 2013 година и ќе трае 90 дена. Обуката ќе биде поделена на два дела: теоретски дел и практичен дел. Теоретскиот дел ќе се одржува во просториите на Занаетчиска комора Скопје, а практичниот дел ќе се реализира на објект.

По завршувањето на обуката, учесниците кои ќе ја завршат обуката и ќе го положат завршниот испит ќе добијат сертификат за успешно завршена обука за соларни инсталациони техники.











## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ТУРСКИ РАКОТВОРБИ НА БАЛКАНОТ

Како резултат на воспоставената соработка на Занаетчиска комора Скопје со Турскиот културен Центар Јунус Емре Скопје, започна проектот Ревитализација на традиционалните турски ракотворби на Балканот. Преку овој проект овозможено беше сите заинтересирани да се пријават на курсеви за :
- обработка на сребрен накит
- рачна обработка на панделки - батик
- рачна обработка на дрво
- обработка на витраж
- обработка на стакло
- обработка на седеф

Реализацијата на дел од обуките е во тек, при што обуката за рачна обработка за дрво се одвива во просториите на Занаетчиска комора Скопје,а обуката за изработка на сребрен накит во простиориите на Турскиот културен центар.





### ОБУКА ЗА ФИЛИГРАН
во
Занаетчиска комора Скопје
Филигранска работилница
Стара Скопска Чаршија

Реализирајте ја Вашата креативност и станете врвен филигранист, спојте го традиционалното со современото, дизајнирајте и изработувајте накит и други предмети со филигранска техника во најсовремено опремена работилница.
- 6 месеци
- 4 часа дневно
- од понеделник до петок

Запишување од 20 – 30 април 2013 година
Информации на тел: 3 237 850; 078 312 141; 078 312 134



## МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНИТЕ ЗАНАЕТЧИСКИ КОМОРИ И УЧИЛИШТАТА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОБВАНИЕ

Занаетчиска комора Скопје и средните стручни училишта на територија на Град Скопје врз основа на заклучок од влада на РМ ќе потпишат Меморандум за разбирање и соработка со цел учество на занаетчиските комори во креирањето на уписната политика, изготвувањето на стандардитеза занаетчиски профили, струки и програми,извршувањето на практичната обука кај занаетчиите и завршните испити во средните училишта по пралтична обука и нејзиното оценување.

Меморандумот треба да воспостави ефикасна, координирана и континуирана соработка во однос на развојот на стручното образование и обука, усовршување и оспособување на учениците и возрасните лица на локално ниво на кое дејствуваат.

Со меморандумот ќе бидат опфатени училиштата :
СУГС Лазар Танев,
СУГС 8-ми Спетември,
АСУЦ Боро Петрушевски,
СУГС Димитар Влахов,
СЕТУГС Михајло Пупин,
СУГС Георги Димитров,
СУГС Кочо Рацин,
СУГС Марија Кири Склодовска,
СУГС Владо Тасевски ,
СУГС Здравко Цветковски,
СУГС Арсени Јовков,
СУГС Б.Миладиновци,
СУГД Цветан Димов,
ДСУПУ Лазар Личеноски,
СОУ Васил А. Дрен и
СОУ Панче Караѓозов.

     

## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

- **Едношалтерски систем за Регистар на занаетчии и Евиденција на вршители на занаетчиска дејност;**
- **Изготвување на М-4 обрасци за регулирање на пензиски стаж;**
- **Пријава и одјава во Агенцијата за Вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и фондот за здравствено осигурување;**
- **Изготвување на молби, жалби, тужби и приговори;**
- **Бесплатни правни совети;**
- **Изготвување на Елаборати за заштита на животна средина за занаетчии;**
- **Посредување во изготвување на документација согласно Законот за безбедност и здравје при работа:**
  - **Систематски прегледи лично и за сите вработени еднаш во текот на 24 месеци,**
  - **Обука за прва помош,**
  - **Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност,**
  - **План за евакуација и спасување во случај на опасност,**
- **Регистрација на ТП и ТД (ДОО и ДООЕЛ);**
- **Ликвидација и стечај на ТП и ТД (ДОО и ДООЕЛ);**
- **Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии;**
- **Организирање на деловни средби, настапи на саеми и учество на семинари за членови на комората.**

## ДИПЛОМИ ЗА ЗАНАЕТЧИСКИ ЗАНИМАЊА

Во Занаетчиска комора Скопје преку Работничкиот Универзитет „Пере Тошев" - Прилеп се спроведуваат испити за проверка на знаења за следните занимања:

- Фризер,
- Козметичар,
- Месар,
- Филигран,
- Златар,
- Сервисер за бела техника,
- РТВ механичар,
- Ѕидар,
- Тапетар,
- Плочкар,
- Столар,
- Бравар,
- Електричар (Електроинсталатер),
- Автоелектричар,
- Автомеханичар,
- Автолимар,
- Шивач.

По положениот испит лицата се стекнуваат со Диплома за соодветното занимање.

## ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Од октомври 2012 година, Занаетчиска комора Скопје изработува елаборати за заштита на животна средина за дејности и активности кои се вршат во помал обем како и за занаетчии и вршители на занаетчиска дејност, согласно член 24 од Законот за заштита на животна средина.

Елаборатите се изготвуваат со цел работата на инвеститорите да биде усогласена со стандардите за квалитет на животната средина како и пропишаните гранични вредности на емисии (во почва, воздух, води и канализација), да се утврдат бучавата, вибрациите и нејонизирачко зрачење како и правилно да се сепарира создадениот отпад за да не дојде до загадување на околината.

**Потребни документи за изработка на елаборатот се:**

- Решение од Централен регистар
- Имотен лист
- Мапа од локацијата на објектот
- Сметки за потрошена електрична енергија за една календарска година
- Сметки од потрошено количество вода за една календарска година
- Слики од машините (апаратите), внатрешен и надворешен декор

## СПЕЦИЈАЛНА ПОНУДА ЗА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

**ПОПУСТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ВО ГОТОВО И НАЈНИСКИ ЦЕНИ САМО ВО А С У Ц**

| | |
|---|---|
| Технички преглед на возило ...................................... | 15% |
| Хомологација на возило ...................................... | 15% |
| Калибрација на тахографи ...................................... | 15% |
| БЗР Заштита при работа ...................................... | 15% |
| Обука во Авто Школа ...................................... | 10% |
| Услуги во Автосервис ...................................... | 10% |
| Вонредно и специјалистичко образование ............. | 10% |
| Перење на возило за само ...................................... | 70ден. |

Услугите можат да се добијат во
АСУЦ Боро Петрушевски Скопје,
Бул. „Едвард Кардељ" бр.26Б
**Тел: 02-3115-819**
**со занаетчиска картичка.**

*Издавач:*
**Занаетчиска Комора Скопје**
**ул. Битпазарска бр.12, 1000 Скопје**
**тел.факс: ++389 (0)2 3237-850; 3222-957**
**e-mail: info@zkomora.com.mk**

*Редакција:*
**Снежана Денковска**
**Анета Атанасовска**
**Елена Гунова**

Design & print: G&D Production 075/456-978 kontakt@resenie.mk